Бр. 01-573/1
Скопје, 08.10.2025 година

# *ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА*

# *ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР*

Скопје, октомври 2025 година

Врз основа на член 49 став (2) и член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24) и член 8 алинеја 1 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Макадонија" бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 147/24) а во врска со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Република Северна Македонија ја донесе следната

***ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА***
***ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР***

## 1. ЦЕЛ НА ПРОЦЕДУРАТА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е еден од имателите на информации од јавен карактер кој согласно член 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер има обврска да постапува по барања за инфомации од јавен карактер.

Донесувањето на овој интерен акт е со цел да се запази постапката од поднесено барање за слободен пристап до информација од јавен карактер до изготување на управниот акт (одговор) кој се испраќа до барателот на информацијата.

## 2. ПРИМЕНА НА ПРОЦЕДУРАТА

Интерната процедура (во натамошниот текст: Процедура) е задолжителна за службеното лице задолжено од директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, како и за другите вработени кои согласно информацијата која се бара треба да придонесат во постапката за донесување на управниот акт.
Чекори кои задолжително треба да се применат се:

1. Службеното лице го прима барањето за информација од јавен карактер во формата која е предвидена во законот,
2. Службеното лице го препраќа електронски барањето до вработените кои се должни да ја дадат информацијата која се бара во барањето,



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

3. Службеното лице добива одговор од вработените и е должно да го изготви управниот акт,
4. Управниот акт се доставува на потпис на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи,
5. Управниот акт заведено со потпис и печат се испраќа до барателот на начин на кој е побаран од страна на барателот во барањето.

## 3. ПОСТАПКА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ СО БАРАЊА ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

3.1. Барањето за слободен пристап до информции од јавен карактер се доставува усно, писмено преку архивата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како и на електронската пошта на службеното лице објавена на веб страната на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.
3.2. Согласно член 13 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кога службеното лице ќе добие усно (телефонски или лично) од барателот, барањето за информација од јавен карактер должно е веднаш да постапи согласно достапноста на информацијата.
Доколку службеното лице не е во можност веднаш да ја даде информацијата ќе го повика барателот во рок од 5 дена за да му ја достави инфомацијата или да му овозможи увид, препис, фотокопија како што подарал во барањето за да име време да се запознае со истата. За целата постапка, службеното лице ќе состави записник со негов потпис и печат на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и истиот ден ќе му го даде на барателот.

3.3. Согласно член 14 од Законот за слободен пристап до инфомации од јавен карактер, кога службеното лице ќе добие барање за информација од јавен карактер писмено односно преку писарницата:

- службеното лице на денот на прием го архивски барањето,
- службеното лице го скенира барањето и го препраќа по електонската пошта на вработениот од кој се бара информацијата од јавен карактер наведувајќи дека одговор мора да се даде во најкус можен рок,
- вработениот е должен да ја даде информацијата на службеното лице во најкус можен рок или најмногу 5 дена до истекот на законскиот рок за одговор на барањето,
- службеното лице согласно одговорот за барањето на информацијата од вработениот го изготвува управниот акт,
- изготвениот управен акт службеното лице го доставува на потпис на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи,
- потпишаниот управен акт службеното лице го архивира.

Кога управниот акт е потпишан, архивиран со печат, службеното лице во зависност од начинот на кој е побарано да биде доставено до барателот:

- го скенира и го препраќа до барателот на неговата електронска пошта со барање за повратен маил за прием на решението или
- еден примерок со печат и потпишан го испраќа до барателот со доставница на адресата наведена во барањето.

3.4. согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кога службеното лице ќе добие барање за инфомрација од јавен карактер присмено преку електронска пошта:

- ќе го испечати барањето и се со денот на прием се архивира,
- службеното лице го скенира барањето и го прешраќа по електронски пат до вработениот од кој се бара информацијата од јавен карактер наведувајќи дека одговор мора да се даде во најкус можен рок,
- вработениот е должен да ја даде информацијата на службеното лице во најкус можен рок или најмногу 5 дена до истекот на законскиот рок за одговор на барањето,
- службеното лице согласно одговорот за барањето на информацијата од вработениот го изготвува управниот акт,
- изготвениот управен акт службеното лице го доставува на потпис на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи,

- потпишаниот управен акт службеното лице го архивира.

Кога управниот акт е потпишан, архивиран со печат, службеното лице во зависност од начинот на кој е побарано да биде доставено до барателот:

- го скенира и го препраќа до барателот на неговата електронска пошта со барање за повратен маил за прием на решението или
- еден примерок со печат и потпишан го испраќа до барателот со доставница на адресата наведена во барањето.

## 4. ЛИСТА НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Листата на информации од јавен карактер на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е објавена на веб страната, каде согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е наведено службеното лице за посредување на информации од јавен карактер како и негови податоци: електронска пошта и телефон. Тука се наоѓа и Образецот за барање на информација од јавен карактер кој може да се сочува и да се пополни директно. На банер е објавена листата на информации од јавен карактер кои Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги создало или со истите располага и е должно да ги споделува и објавува.

## 5. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА БАРАЊАТА ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до инфомации од јавен карактер службеното лице на имателот на информација е должно да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон, да го доставу до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер и да го објави на веб страната на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.
Извештајот мора да ги содржи следните податоци:

- податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации,
- бројот на примени барања,
- број на позитивно одговорени барања,
- број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање,
- број на неодговорени барања,
- број на вложени жалби против провстепените одлуки со наведување на целокупната документација,
- број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер,
- број на преиначени провстепени одлуки по постапување на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер
- број на одбиени жалби од Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер и
- број на отфрлени жалби од Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер и причини за нивно отфрлање.

Оваа интерна процедура ќе се спроведува од месец ноември 2025 година и ќе биде објавена на веб страната на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Република Северна Македонија.

**Директор,**
**Оливера Трајковска**

Подготвил: Елена Стојанова



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија